Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**
**ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2020 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| **Дел. Бр.** | 13-2092/1 | **Иринка Сотирова-Бухова** |
| **Датум:** | 30.12.2019г. | **Директор** |
| **Место:** | **Скопје** (м.п.) | |

## Резиме

Основна задача на Државниот санитарен и здравствен инспекторат е да организира, следи и врши инспекциски надзор над спроведување на законите и другите прописи од областа на санитарно-хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, здравственото осигурување, евиденциите во областа на здравството, заштита на правата на пациентите, безбедност во снабдувањето со крв, биомедицинското потпомогнато оплодување, безбедност на детските играчки, козметичките средства и предметите за општа употреба, надзор над спроведување на мерките за спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести, со цел заштита на населението од заразни болести.

Една од алатките за спроведување на оваа задача е и Годишниот план за работа на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2020 година, кој се состои од 8 поглавја.

Во поглавјето Анализа на ризици, прикажана е проценката на ризик и зачестеност на спроведување на инспекциски надзор утврдена според статистичките податоци со кои располага ДСЗИ во последните 6 години.

Во поглавјето Организација и раководење, прикажана е организациската поставеност на ДСЗИ и усогласувањето на Правилникот за систематизација на работните места на ДСЗИ во Секторот за инспекциски надзор, со новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/19).

Во поглавјето Инспекциски надзор е прикажан очекуваниот број на неправилности и планираниот број на инспекциски надзори претставен по општини и по региони. Воедно во ова поглавје е образложена и анализата на ризици која ДСЗИ ја применува во врска со спроведувањето на инспекциските надзори.

Во останатите поглавја се прикажани обуките кои се планираат за инспекторите на ДСЗИ за 2020 година, предлог - буџетот за 2020 , меѓународната соработка во врска со хармонизацијата на нашето законодавство со тоа на ЕУ и другите активности кои ДСЗИ ги планира во текот на наредната година со цел на зголемување на транспарентноста, употреба и надградби на ИТ системите, иновации во работењето, унапредување и воведување на нови процедури и листи за проверки, соработка со други институции.

## Анализа на ризици

Ефективен и ефикасен санитарен и здравствен надзор во сите области за кои е надлежен ДСЗИ е од исклучително важна улога во обезбедувањето на соодветно ниво на заштита на здравјето и безбедноста на луѓето во Република Северна Македонија. Со таа цел ДСЗИ изготвува анализата за проценка на ризиците и за зачестеност на спроведување на инспекциските надзори изработена според соодветната методологија која досега ја применуваше. Во меѓувреме во почетокот на месец декември, Инспекцискиот совет донесе Правилник за елементите на проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценка на ризик, („Службен весник на Република Северна Македонија" број 245 од 2.12.2019 година. Поради краткиот временски период во кој треба да се достави усогласениот Годишен план за работа на ДСЗИ до Инспекцискиот совет, а од причини што за спроведување на сериозна анализа на ризик изготвена според новиот Правилник е сепак потребно повеќе време и обучен кадар, во продолжение ќе биде прикажана анализата на ризик која досега ја применуваше ДСЗИ и која се темели на статистички податоци од последните 6 години.

Со оглед на фактот што инспекцискиот надзор се врши во повеќе области, за кои е надлежен ДСЗИ, анализата на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор се врши посебно, во зависност од областа.

Анализата на очекуваната состојба во различните области на инспекцискиот надзор за кои е надлежен ДСЗИ е направена врз основа на резултатите од претходните надзори, информацииите добиени со размена на податоци и информации со други надлежни институции, стручни мислења за одредени области, увид во евиденција и документација, стратешки оперативни планови и акциони планови за справување со одредени ризици во областите од надлежност на ДСЗИ, анализата на моменталната состојба во соодветната област, како и проценката на ризиците за непременување на прописите.

Резултатите од претходните надзори се содржани во месечните и кварталните извештаи за работа на секој инспектор во ДСЗИ. Според овие податоци, во првите два квартали од 2019 година, планирани се вкупно 2.762 инспекциски надзори, а реализирани се 3.816. Отстапувањето на бројот на планирани и остварени инспекциски надзори, се должи пред сè на значително поголемиот број на реализирани вонредни надзори во однос на планираните (92 планирани, наспроти 811 реализирани), но и на сличен соодност кај контролните надзори (планирани 163, а реализирани 489) инспекциски надзори. Во истиот период, големиот број на вонредни надзори предизвикал планираните 150 инспекциски мерки, да се реализираат скоро пет пати повеќе, односно 718 инспекциски мерки. Кај одделни мерки разликите меѓу планираното и реализираното се значителни (пр. решенија – планирани 131/реализирани 523, покани за порамнување – планирани 6/реализирани 130 и прекршочни пријави –

планирани 9/реализирани 57. Додека пак кај едукациите – планирани 4/реализирани 7 и мандатните казни планирани 0/реализирани 1, тие не се толку изразени.

Врз основа на Годишниот извештај за работа на ДСЗИ за 2018 год, состојбата е следна: вкупен број на планирани надзори – 5.508, а реализирани се 6.959 инспекциски надзори. Во 2018 година има извесно отстапување во бројот на планираните редовни надзори во споредба со реализираните (4.843/4.785), додека поголема отстапка се јавува кај вонредните надзори (225 планирани/1.163 реализирани), како и кај контролните (440/1.011). Во однос пак на инспекциските мерки во 2018 год. состојбата е со слични сооднďоси. Имено, планирани се 367, а реализирани се 1.278 инспекциски мерки, односно по видови – управни решенија (298/1.003), едукации (7/17), покани за порамнување (35/162), прекршочни пријави (27/96). Во текот на 2018 година не се изречени мандатни казни ниту се покренати кривични пријави.

Од претходната анализа може да се констастира дека во првите 2 квартали од 2019 година, реализираните надзори и преземените инспекциски мерки помалку или повеќе се совпаѓаат споредбено со истиот период од 2018 година.

Во областа здравство во 2020 година, како резултат на непочитување на регулативата, можна е појава на одредени заболувања, пред сè на инфективни болести и на епидемии, поради неспроведување на вакцинација за одредено заболување, појава на одредени епидемии поради неспроведување на општите превентивни мерки предвидени со Законот за заштита на населението од заразни болести, појава на импортирани заразни болести поради патувањата на граѓаните во ризични подрачја и слично.

Непочитувањето на подзаконските акти од Законот за заштита на населението од заразни болести, може да предизвика појава на интрахоспитални инфекции при престој во болнички установи, а тоа може да се случи како резултат на непридржувањето на персоналот кон пропишаните процедури и асептични постапки при работа со пациенти, непрописно управување со медицинскиот отпад во здравствените установи, нередовно вршење на бактериолошки мониторинг и здравствено санитарните хигиенски прегледи за вработените во здравствените установи.

Ризичните области, практично произлегуваат од законската регулатива која е во надлежност на ДСЗИ. Ризични области кои ќе бидат предмет на интерес и инспекциски надзор во текот на 2020 година се следните:

- Во областа здравство: болнички здравствени установи од секундарно и терциерно ниво (универзитетски клиники, општи болници, специјални болници и клинички болници), здравствени домови, институти, центри за јавно здравје, вклучително Институт за јавно здравје, ординации, лаборатории, центри за дијализа.

Имено, анализата на резултатите од извештаите од првите два квартала од 2019 година, пред сè бројот на преземени инспекциски мерки во јавните и приватни здравствени установи укажува на ризик за појава на неправилности заради непочитување на законската регулатива, конкретно донесени се 224 решенија, 2 прекршочни пријави, 8 покани за порамнување, 1 спроведена едукација, 8 лица се отстранети заради неизвршени здравствено-хигиенски прегледи и затворени се 4 објекти..

- Во областа образовни и социјални установи: основни и средни училишта, училишни домови, факултети, градинки, детски домови, детски летувалишта, старски домови.

Анализата на резултатите од извештаите од првите два квартала од 2019 година, во оваа област покажува дека во образовните установи, заради одредени недостатоци утврдени при контролите, донесени се 274 решенија и 4 прекршочни пријави.

- Во областа угостителство, хигиенска нега: сместувачки капацитети, хотели, кампови, базени/водени паркови, рекреативни центри, козметички салони, фризерски и берберски студија, фитнес сали и друг вид објекти за нега на тело.

Во оваа област, во првите два квартала од 2019 година, издадени се 84 решенија за отстранување на утврдени недостатоци и 3 лица се отстранети како бацилоносители. Овие резултати укажуваат дека оваа област останува ризична и во 2020 година, поради што ќе се продолжи со редовни и континуирани контроли во објектите. Вообичаено, пред почеток на сезоната во сите туристички центри во државата ќе се преземат посебни активности и по потреба и вонредни надзори,

- Област епидемиологија: превентивни мерки за локална самоуправа, комунални претпријатија, акутно труење од храна, клицоносители, надзори при пренос, прекоп и закоп на умрени лица, патници, предмети и средства во меѓународен сообраќај.

Ова е особено ризична област од интерес на ДСЗИ и тоа во повеќе подобласти, вклучително:

- бацилоносители – издадени вкупно 193 решенија за отстранување на бацилоносители; од кои 73 решенија во образование, 112 решенија на вработени во здравствени установи, 3 решенија во угостителски објекти и објекти за хигиенски услуги и рекреација, 5 решенија во објекти за производство и промет на козметички производи детски играчки и предмети за општа употреба.
- имунизација – поведени се 2 постапки за порамнување и поднесени се 6 барања за прекршочна постапка за ХПВ вакцинација, а за останатите вакцини од календарот за задолжителна имунизација поведени се 29 постапки за порамнување и поднесени се 25 барања за прекршочни постапки.

Исто така во текот на целата година ќе се следи состојбата со реализацијата на Годишните превентивни програми на општините и спроведувањето на превентивните мерките

предвидени со закон, преку активностите на Центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје, во правец на зачувувањето и подобрувањето на јавно здравствениот систем на државата.

Со анализа на реализацијата на мерките на ниво на општини, од претходната година се прават планови за контроли и задолжувања во наредната година. Во контекс на ова издадени се решенија на локалната власт на сите 84 општини заради спроведување на општите превентивни мерки.

Голем дел од овие податоци не се видливи во кварталните извештаи за работа на секој инспектор, кои се доставуваат до Инспекциски совет, бидејки се водат во управна постапка, но за целосна анализа на ризичните области, тие се земаат во предвид при сумирањето на вкупните резултати.

- Област козметика: објекти за производство на козметички производи, детски играчки и предмети за општа употреба, како и објекти за промет на козметички производи, детски играчки и предмети за општа употреба.

Анализата на податоците од оваа област укажува на можност од појава на ризик, бидејќи при 317 контроли во промет, издадени се 83 решенија за отстранување на недостатоци, а со решение се отстранети и 2 бацилоносители.

Идентификувањето и утврдувањето на ризиците е извршено преку анализа на резултатите од извршените надзори, размена на информации, анализа на извештаите за работата на секој инспектор, добиените резултати од надлежни институции (бацилоносители, изолати, мостри итн.), добиени стручни мислења за одредени области, актуелни состојби, акциони планови за справување со одредени ризици во областите од надлежност на ДСЗИ.

Согласно законски утврдената Програма за урамнотежен план за постигнувања во јавните здравствени установи, се следи работата на ЈЗУ и усогласеноста на нивното работење со стратешките цели на Република Северна Македонија во областа на здравството, со цел да се овозможи стабилност и развој на здравствениот систем. Во тој правец се воспоставени квартални инспекциски надзори на ЈЗУ. За резултатите од надзорите се изготвуваат квартални извештаи врз основа на кои се прави анализа која претставува појдовна точка при идентификувањето и утврдувањето на ризиците. Исто така согласно утврдената програма за следење на реализација на систематските прегледи на сите вработени лица, ДСЗИ два пати годишно врши инспекциски надзори во здравствените установи кои имаат овластување од Министертво за здравство за вршење на систематски прегледи, во делот на содржината на извршените прегледи. Извештаите се сумираат и анализираат во ДСЗИ.

Како индикатори при идентификувањето и утврдувањето на ризиците во образовните и социјалните установи се земаат во предвид и надзорите кои се вршат на крајот и пред

почетокот на учебната година заради утврдувањето на санитарно-хигиенските и санитарно технички услови во установите.

Во објектите за сместување како детски домови и детски летувалишта, исто така се вршат вонредни надзори пред почеток на сезоната (лето/зима), заради утврдувањето на санитарно-хигиенската состојба.

Како индикатори за утврдувањето на можните ризици, земени се и резултатите од претходната година и тоа:

- Број на извршени инспекциски надзори;
- Број на донесени решенија;
- Број на спроведени едукации;
- Број на спроведени постапки за порамнување;
- Број на поднесени прекршочни пријави;
- Број на одговори на претставки, пријави, жалби во првостепена постапка;
- Број на надзори над патници во меѓународен сообраќај.

Како можни ризици се утврдени следните:

- Појава на интрахоспитални инфекции посебно во ризичните оддели во болничките здравствени установи;
- Непрописно управување со медицински отпад во здравствените установи;
- Нередовно спроведување на бактериолошки мониторинг од страна на одговорните лица;
- Нередовно спроведување или неспроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- Појава на заразни болести и епидемии во образовни, социјални и детски установи;
- Небезбедни козметички производи во производство и промет;
- Небезбедни детски играчки во промет;
- Небезбедни води за капење во рекреативните центри, базените и природните води за капење и рекреација;
- Неизвршени задолжителни здравствено-хигиенски прегледи;
- Зголемен број на клицоносители;
- Неотстранети клицоносители како потенцијален ризик за појава на интрахоспитални инфекции;
- Зголемен број на незаштитени патници;
- Зголемен број на импортирани заразни болести;
- Ненавремено постапување по претставки, пријави, жалби.

Коефициентите на сложеност на инспекциски надзор, според новата законска регулатива се утврдуваат врз основа на следните критериуми:

- условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот;
- број на субјекти кои се предмет на инспекциски надзор;
- број на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзор;
- потребно време за вршење на инспекциски надзор.

Новина е и тоа што инспекторите ќе може да врши инспекциски надзор со коефициент на сложеност во зависност од нивото и тоа како што следува:

- инспектор со ниво Б1 и Б2 – коефициент на сложеност Q5;
- инспектор со ниво Б3, Б4 и В1 – коефициент на сложеност Q4 и Q5;
- инспектор со ниво В2 – коефициент на сложеност Q3 и Q4;
- инспектор со ниво В3 – коефициент на сложеност Q2 и Q3;
- инспектор со ниво В4 – коефициент на сложеност Q1 и Q2.

По исклучок, поради поефикасно спроведување на инспекцискиот надзор, инспекторот може да врши инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност, но не и со повисок коефициент на сложеност.

Во следната табела се дадени коефициентите на сложеност на инспекциски надзор по области:

| **Област на надзор** | **Коефициенти на сложеност на инспекциски надзор** |
|---|---|
| **ЗДРАВСТВО** | |
| Јавни здравствени установи/приватни здравствени установи | |
| Болнички здравствени установи од секундарно и терциерно ниво (универитетски клиники, општи болници, специјални болници и клинички болници) | **Q5** |
| Здравствени домови | **Q3** |
| Институти | **Q5** |
| Установа за трансфузиона медицина | **Q5** |
| Геронтолошки завод | **Q5** |
| Институт за јавно здравје | **Q5** |
| Центри за дијализа | **Q5** |
| Центри за јавно здравје | **Q4** |
| Дијагностички лаборатории | **Q4** |
| Општи и специјалистички ординации | **Q3** |
| Аптеки | **Q2** |
| **ЕПИДЕМИОЛОГИЈА** | |
| Служби за систематски прегледи и вакцинации | **Q4** |
| Известувања за невакцинирани деца | **Q3** |
| Акутно труење со храна | **Q3** |
| Надзор над патници во меѓународен сообраќај | **Q3** |
| Надзори во општини, комунални и погребални претпријатија | **Q3** |
| **СОЦИЈАЛНИ И ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ** | |
| Образовни установи (основни и средни училишта и училишни домови, факултети) | **Q2** |
| Детски установи (градинки, детски домови, детски летувалишта) | **Q2** |
| Старски домови | **Q2** |
| **УГОСТИТЕЛСТВО** | |
| Сместувачки капацитети (хотели, кампови) | **Q2** |
| Базени/Водени паркови | **Q2** |
| Рекреативни центри | **Q2** |
| **ОБЈЕКТИ ЗА ХИГИЕНСКА НЕГА НА НАСЕЛЕНИЕТО** | |
| Козметички салони и друг вид објекти за нега на тело | **Q3** |

| | |
|---|---|
| Фризерски и берберски студија | Q2 |
| Фитнес сали | Q1 |
| **ПРЕТСТАВКИ** | |
| Постапување по претставки во здравство | Q5 |
| Претставки од други области | Q3 |
| **КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ, ДЕТСКИ ИГРАЧКИ И ПРЕДМЕТИ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА** | |
| Производство на козметички производи/детски играчки/предмети за општа употреба | Q3 |
| Промет на козметички производи /детски играчки/предмети за општа употреба со мострирање | Q3 |
| Промет на козметички производи/детски играчки и предмети за општа употреба | Q2 |
| **ОСТАНАТО** | |
| Други надзори од координирани акции | Q4 |

## Организација и раководење

Државниот санитарен и здравствен инспекторат е орган во состав на Министерството за здравство, со статус на правно лице и со него раководи директор.

Организацијата на работата и систематизацијата на работните места на Државниот санитарен и здравствен инспекторат е уредена со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на ДСЗИ, кој е усогласен со новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/19), во делот на посебните услови за вработување на инспекторите.

Инспекторатот е организиран во пет сектори и три одделенија, непосредно одговорни пред директорот и тоа:

1. Сектор за инспекциски надзор
- 15 подрачни одделенија со седишта во Скопје (пет), Куманово, Штип, Струмица, Велес, Гевгелија, Прилеп, Битола, Гостивар, Тетово и Охрид.

2. Сектор за стручно-советодавни правни и управни работи со две одделенија:
- Одделение за правни и управни работи;
- Одделение за претставки од работен однос и архивско и канцелариско работење.

3. Сектор за аналитика, стратешко планирање и проекти, со две одделенија:
- Одделение изработка на извештаите;
- Одделение за креирање на стратегии и политики и информатичка технологија.

4. Сектор за стручно советодавни работи од областа на здравството со две одделенија:
- Одделение за стручно советодавни и управни работи од областа на епидемиологијата;
- Одделение за јавно здравје и правата на пациентите.

5. Сектор за надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба со 2 одделенија:

- Одделение за инспекциски надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба при увоз, производство и внатрешен промет;
- Одделение за анализа на ризик.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат како посебни организациски единици, надвор од секторите, има утврдено три одделенија, кои се непосредно одговорни пред директорот и тоа:

1. Одделение за управување со човечки ресурси;

2. Одделение за финансиски прашања;

3. Одделение за внатрешна ревизија;

Во моментот на донесувањето на Годишниот План, во Инспекторатот се вработени 74 лица (73 вработени и 1 директор), од кои како инспектори кои ќе можат да вршат инспекциски надзори во 2020 година се: 1 главен инспектор, 10 виши инспектори, 14 советници инспектори, 12 помошници инспектори и 6 помлади инспектори. Вкупно 43 инспектори.

Во ДСЗИ има само еден вид на инспектори и тоа државни санитарни и здравствени инспектори. Државните санитарни и здравствени инспектори вршат инспекциски надзори од сите области од надлежност на ДСЗИ.

*Табела 1Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање*

| Вид | Државен санитарен и здравствен инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| **Б1 – генерален инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Б2 – главен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** |
| **Б3 – пом. главен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Б4 – виш инспектор** | 0 | 0 | 0 | 8 | 2 | **10** | 0 | 0 | 0 | 8 | 2 | **10** |
| **В1 – советник инспектор** | 0 | 1 | 1 | 5 | 7 | **14** | 0 | 1 | 1 | 5 | 7 | **14** |
| **В2 – самостоен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **В3 – помошник инспектор** | 0 | 1 | 6 | 4 | 1 | **12** | 0 | 1 | 6 | 4 | 1 | **12** |
| **В4 – помлад инспектор** | 1 | 1 | 4 | 0 | 0 | **6** | 1 | 1 | 4 | 0 | 0 | **6** |
| **Вкупно** | **1** | **3** | **11** | **18** | **10** | **43** | **1** | **3** | **11** | **18** | **10** | **43** |

Четири инспектори сѐ уште не се стекнале со лиценца за инспектор и не фигурираат во Табела 1, подолу. Поради тоа што работниот однос им е заснован пред да започне да се

применува новиот Закон, а веќе го имаат и работниот стаж кој им е потребен, тројца од нив ги исполнуваат условите според стариот Закон за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ" бр. 50/10, 161/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18) и ќе може да се пријават на првата наредна испитна сесија за да се стекнат со лиценца за инспектор.

*Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

| Вид | Државен санитарен и здравствен инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** |
| **Б1 - генерален инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б2 - главен инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б3 - пом. глав. инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б4 - виш инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В1 - советник инспектор** | 0 | 1 | **0** | 0 | 1 | **0** |
| **В2 - самостоен инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В3 - помошник инспектор** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В4 - помлад инспектор** | 1 | 0 | **0** | 1 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **1** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** |

Постапувајќи согласно член 20-а став 1, 2 и 6 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор и член 15 од Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, го донесе Годишниот план за вработување на ДСЗИ за 2020 година во кој е предвидено едно ново вработување за инспектор со звање помлад инспектор – ниво В4, како што е прикажано во Табела 2.

На крајот на годината д-р Славица Дробњак со звање советник инспектор, поднесе Барање за престанок на работниот однос поради исполнување на услови за старосна пензија, поради што на почетокот на наредната година вкупниот број од 43 инспектори и 14 советници инспектори, ќе се намали на вкупно 42 инспектори и на 13 советници инспектори.

## Инспекциски надзор

Во следната табела се дадени бројот на неправилностите кои би можеле да бидат откриени при инспекциските надзори во 2020 година, и тие се поделени по општини и по региони, а истите подлежат на добивање на решенија, мандатно казнување, прекршочна и кривична одговорност.

Во Табела 3 се прикажани и вкупниот број на надзори како и бројот на редовни, вонредни и контролни надзори, кои се планиара да се извршат во 220 година и тие исто така се поделени по општини и региони.

Во 2020 година се очекува да се откријат вкупно 704 неправилности. Најголем број на неправилности се очекуваат во Центар – 78, а потоа следат Куманово со 60 и Велес со 49. По однос на регионите, најголем број неправилности се очекуваат во Скопскиот регион – 198, Вардарскиот регион – 104, Југоисточниот регион – 102, потоа следат Источниот регион – 84, Североисточниот регион – 70, Полошкиот регион – 60, Југозападниот регион – 50 и Пелагонискиот регион – 36.

Од Табелата 3 може да се види дека се планирани вкупно 4679 надзори, од кои 3531 се редовни, 525 вонредни и 623 контролни. Општина во која се планира да се извршат најголем број на редовни надзори е општина Центар со 356 надзори, а по неа следат Куманово со 250 и Битола со 240. Што се однесува до регионите, најголем број на надзори се очекуваат во Скопскиот регион – 1233, Југоисточниот регион – 682, Вардарскиот регион – 669, потоа следат Пелагонискиот регион – 476, Источниот регион – 449, Североисточниот регион – 445, Полошкиот регион – 364 и Југозападниот регион – 361. Овие бројки ја отсликуваат реалната состојба во која се наоѓа ДСЗИ во однос на стручниот кадар и дисперзијата на субјектите на надзор.

Образложенијата во врска со анализата на ризици се дадени во поглавијето Анализа на ризик.

Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2020 година, по региони и општини

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **522** | **52** | **95** | **669** | **104** |
| 1 | **Велес** | 222 | 15 | 49 | **286** | **49** |
| 2 | **Градско** | 6 | 0 | 1 | **7** | **1** |
| 3 | **Демир Капија** | 15 | 3 | 2 | **20** | **2** |
| 4 | **Кавадарци** | 130 | 9 | 25 | **164** | **25** |
| 5 | **Лозово** | 3 | 1 | 1 | **5** | **1** |
| 6 | **Неготино** | 80 | 14 | 3 | **97** | **11** |
| 7 | **Росоман** | 9 | 0 | 2 | **11** | **2** |
| 8 | **Свети Николе** | 50 | 10 | 9 | **69** | **10** |
| 9 | **Чашка** | 7 | 0 | 3 | **10** | **3** |
| | **Источен регион** | **335** | **75** | **39** | **449** | **84** |
| 10 | **Берово** | 29 | 10 | 2 | **41** | **12** |
| 11 | **Виница** | 20 | 8 | 4 | **32** | **10** |
| 12 | **Делчево** | 41 | 10 | 2 | **53** | **13** |
| 13 | **Зрновци** | 4 | 4 | 4 | **12** | **3** |
| 14 | **Карбинци** | 4 | 1 | 1 | **6** | **1** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 15 | Кочани | 48 | 10 | 4 | **62** | **13** |
| 16 | Македонска Каменица | 11 | 5 | 2 | **18** | **2** |
| 17 | Пехчево | 15 | 3 | 1 | **19** | **1** |
| 18 | Пробиштип | 50 | 10 | 9 | **69** | **10** |
| 19 | Чешиново | 8 | 4 | 4 | **16** | **4** |
| 20 | Штип | 105 | 10 | 6 | **121** | **15** |
| | **Југозападен регион** | **257** | **52** | **52** | **361** | **50** |
| 21 | Вевчани | 8 | 0 | 0 | **8** | **0** |
| 22 | Дебар | 20 | 3 | 5 | **28** | **5** |
| 23 | Дебарца | 7 | 0 | 0 | **7** | **0** |
| 24 | Кичево | 15 | 0 | 0 | **15** | **0** |
| 25 | Македонски Брод | 2 | 0 | 0 | **2** | **0** |
| 26 | Охрид | 130 | 27 | 25 | **182** | **25** |
| 27 | Пласница | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** |
| 28 | Струга | 70 | 22 | 20 | **112** | **20** |
| 29 | Центар Жупа | 5 | 0 | 2 | **7** | **0** |
| | **Југоисточен регион** | **543** | **55** | **84** | **682** | **102** |
| 30 | Богданци | 20 | 4 | 2 | **26** | **4** |
| 31 | Босилово | 15 | 0 | 3 | **18** | **3** |
| 32 | Валандово | 18 | 3 | 7 | **28** | **7** |
| 33 | Василево | 13 | 0 | 2 | **15** | **2** |
| 34 | Гевгелија | 100 | 20 | 4 | **124** | **13** |
| 35 | Дојран | 25 | 5 | 3 | **33** | **5** |
| 36 | Конче | 10 | 2 | 5 | **17** | **5** |
| 37 | Ново Село | 22 | 0 | 3 | **25** | **3** |
| 38 | Радовиш | 95 | 9 | 25 | **129** | **25** |
| 39 | Струмица | 225 | 12 | 30 | **267** | **35** |
| | **Пелагониски регион** | **411** | **29** | **36** | **476** | **36** |
| 40 | Битола | 240 | 21 | 21 | **282** | **21** |
| 41 | Демир Хисар | 23 | 2 | 4 | **29** | **4** |
| 42 | Долнени | 4 | 0 | 0 | **4** | **0** |
| 43 | Кривогаштани | 3 | 0 | 0 | **3** | **0** |
| 44 | Крушево | 4 | 0 | 0 | **4** | **0** |
| 45 | Могила | 3 | 0 | 1 | **4** | **1** |
| 46 | Новаци | 2 | 0 | 1 | **3** | **1** |
| 47 | Прилеп | 100 | 4 | 5 | **109** | **5** |
| 48 | Ресен | 32 | 2 | 4 | **38** | **4** |
| | **Полошки регион** | **247** | **52** | **65** | **364** | **60** |
| 49 | Боговиње | 15 | 7 | 3 | **25** | **3** |
| 50 | Брвеница | 5 | 2 | 1 | **8** | **1** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 51 | Врапчиште | 25 | 3 | 3 | 31 | 5 |
| 52 | Гостивар | 60 | 5 | 20 | 85 | 15 |
| 53 | Желино | 8 | 4 | 2 | 14 | 2 |
| 54 | Јегуновце | 5 | 2 | 1 | 8 | 1 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 6 | 0 | 2 | 8 | 0 |
| 56 | Теарце | 15 | 7 | 3 | 25 | 3 |
| 57 | Тетово | 108 | 22 | 30 | 160 | 30 |
| | **Североисточен регион** | **314** | **61** | **70** | **445** | **70** |
| 58 | Кратово | 4 | 4 | 1 | 9 | 1 |
| 59 | Крива Паланка | 38 | 2 | 2 | 42 | 2 |
| 60 | Куманово | 250 | 52 | 60 | 362 | 60 |
| 61 | Липково | 15 | 3 | 5 | 23 | 5 |
| 62 | Ранковце | 2 | 0 | 1 | 3 | 1 |
| 63 | Старо Нагоричане | 5 | 0 | 1 | 6 | 1 |
| | **Скопски регион** | **902** | **149** | **182** | **1233** | **198** |
| 64 | Аеродром | 60 | 12 | 13 | 85 | 13 |
| 65 | Арачиново | 15 | 2 | 1 | 18 | 2 |
| 66 | Бутел | 38 | 6 | 4 | 48 | 4 |
| 67 | Гази Баба | 50 | 10 | 8 | 68 | 8 |
| 68 | Ѓорче Петров | 51 | 11 | 14 | 76 | 14 |
| 69 | Зелениково | 4 | 1 | 1 | 6 | 1 |
| 70 | Илинден | 45 | 2 | 5 | 52 | 5 |
| 71 | Карпош | 101 | 23 | 33 | 157 | 33 |
| 72 | Кисела Вода | 58 | 16 | 13 | 87 | 13 |
| 73 | Петровец | 30 | 3 | 2 | 35 | 2 |
| 74 | Сарај | 13 | 2 | 2 | 17 | 14 |
| 75 | Сопиште | 8 | 2 | 2 | 12 | 2 |
| 76 | Студеничани | 7 | 2 | 1 | 10 | 1 |
| 77 | Центар | 356 | 43 | 75 | 474 | 78 |
| 78 | Чаир | 46 | 9 | 5 | 60 | 5 |
| 79 | Чучер-Сандево | 5 | 0 | 1 | 6 | 1 |
| 80 | Шуто Оризари | 15 | 5 | 2 | 22 | 2 |
| **ВКУПНО** | | **3531** | **525** | **623** | **4679** | **704** |

Во горната табела не се претставени податоците од планираните надзори на главниот инспектор и од двајца инспектори од Одделението за инспекциски надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба при увоз, производство и внатрешен промет. Поради спецификата на нивното работење податоците неможат да се прикажат распоредени по општини ниту по региони и поради тоа се прикажани во табеливе во продолжение:

| Главен инспектор | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|
| | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| ВКУПНО | 20 | 0 | 10 | 30 | 10 |

| Одделението за инспекциски надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба при увоз, производство и внатрешен промет | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|
| | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| ВКУПНО | 132 | 16 | 8 | 156 | 8 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

Инспекторот има право и должност континуирано професионално и стручно да се усовршува и обучува, во согласност со потребите на инспекциската служба во која е вработен.

Стручното усовршување се спроведува преку генерички и специјализирани обуки. Средствата за реализација на специјализираните обуки за инспектори, како и нивната организација и спроведување е обврска на инспекциската служба, додека пак обврска на Инснспекцискиот совет е организирањето и спроведувањето на генеричките обуки.

Во 2020 год, ДСЗИ планира обуки за сите видови на инспектори (виши инспектори, советници инспектори, помошноци инспектори и помлади инспектори).

Ќе се спроведат обуки генерално за сите материјални закони по кој постапува Инспекторатот и тоа во делот на усогласување со ЗИН, како и со Законот за прекршоци, а со цел правилна примена на истите. За инспекторите со звање, помошноци инспектори и помлади инспектори ќе се реализираат обуки кои ја покриваат областа на закони и подзаконски акти согласно соодветните коефициенти на сложеност. Ќе се изготват индивидуални програми за секој инспектор со можност за контрола на реализацијата при спроведување на постапката за оценување. Ќе се подготват и презентираат специфични обработени случаи (студии на случај) како веќе докажан начин за обука, за зголемување на ефективноста, квалитетот и релизација на целите на инспекцискиот надзор.

**Буџет и финансирање**

Согласно член 6 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 265/2019 од 23.12.2019 година), Државен санитарен и здравствен инспекторат на Република Северна Македонија, го изготви Годишниот и Квартален финансиски план, за прераспределба на финансиски средства од Буџетот за 2020 година, за користење на средствата по програми, потпрограми и ставки. Истиот е прикажан во табелите во продолжение:

Годишен финансов план на расходи по квартали за 2020 година - 631

| Раздел | | | | | РКБ | | | | | Тип на сметка | | | Индивидуална партија | | Назив на буџетски корисник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 9 | 0 | 0 | 2 | 6 | 2 | 2 | 2 | 7 | 6 | 3 | 1 | 1 | 7 | Државен санитарен и здравствен инспекторат |

| Програма | Потпрограма | Назив на пот програма | Расход на ставка | Планиран износ по квартали | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | К1 | К2 | К3 | К4 | Вкупно годишно |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 420 | 300.000,00 | 100.000,00 | 50.000,00 | 50.000,00 | 500.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 421 | 800.000,00 | 200.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 1.200.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 425 | 1.000.000,00 | 400.000,00 | 200.000,00 | 200.000,00 | 1.800.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 426 | 300.000,00 | 100.000,00 | 50.000,00 | 50.000,00 | 500.000,00 |

Вкупно : 4.000.000,00

Годишен финансов план на расходи по квартали за 2020 година-787

| аздел | РКБ | Тип на сметка | Индивидуална партија | Назив на буџетски корисник |
|---|---|---|---|---|

| 1 | 9 | 0 | 0 | 2 | 6 | 2 | 2 | 2 | 7 | 7 | 8 | 7 | 1 | 7 | Државен санитарен и здравствен инспекторат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| Прог рама | Потп рогр ама | Назив на пот програма | Расход на ставка | Планиран износ по квартали | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | К1 | К2 | К3 | К4 | Вкупно годишно |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 404 | 100.000,00 | 0 | 0 | 0 | 100.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 420 | 600.000,00 | 100.000,00 | 50.000,00 | 50.000,00 | 800.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 421 | 3.000.000,00 | 600.000,00 | 300.000,00 | 100.000,00 | 4.000.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 423 | 500.000,00 | 0 | 0 | 0 | 500.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 424 | 1.800.000,00 | 500.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 2.500.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 425 | 4.000.000,00 | 1.000.000,00 | 300.000,00 | 200.000,00 | 5.500.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 426 | 400.000,00 | 60.000,00 | 20.000,00 | 20.000,00 | 500.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 464 | 400.000,00 | 100.000,00 | 60.000,00 | 40.000,00 | 600.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 480 | 800.000,00 | 100.000,00 | 60.000,00 | 40.000,00 | 1.000.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен | 483 | 400.000,00 | 60.000,00 | 20.000,00 | 20.000,00 | 500.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | инспекторат | | | | | | |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 485 | 100.000,00 | 60.000,00 | 20.000,00 | 20.000,00 | 200.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 486 | 1.300.000,00 | 0 | 0 | 0 | 1.300.000,00 |

**Вкупно: 17.500.000,00**

Квартален финансиски план на расходи по месеци за квартал К1 - 2020 година -631

| Раздел | | | | | РКБ | | | | | Тип на сметка | | | Индивидуална партија | | Назив на буџетски корисник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 9 | 0 | 0 | 2 | 6 | 2 | 2 | 2 | 7 | 6 | 3 | 1 | 1 | 7 | Државен санитарен и здравствен инспекторат |

| Програма | Потпрограма | Назив на програма | Расходна ставка | Планиран износ по месеци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Јануари | Февруари | Март | Вкупно квартал. |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 420 | 200.000,00 | 50.000,00 | 50.000,00 | 300.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 421 | 500.000,00 | 200.000,00 | 100.000,00 | 800.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 425 | 700.000,00 | 200.000,00 | 100.000,00 | 1.000.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 426 | 200.000,00 | 50.000,00 | 50.000,00 | 300.000,00 |

Квартален финансиски план на расходи по месеци за квартал К4 - 2020 година -787

| Раздел | | | | | РКБ | | | | | Тип на сметка | | | Индивидуална партија | | Назив на буџетски корисник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 9 | 0 | 0 | 2 | 6 | 2 | 2 | 2 | 7 | 7 | 8 | 7 | 1 | 7 | Државен санитарен и здравствен инспекторат |

| Про- | Потпро- | Назив на | Расходн | Планиран износ по месеци |
|---|---|---|---|---|

| грама | грама | програма | а ставка | Јануари | Февруари | Март | Вкупно квартал. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 404 | 100.000,00 | 0 | 0 | 100.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 420 | 400.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 600.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 421 | 2.000.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 | 3.000.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 423 | 500.000,00 | 0 | 0 | 500.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 424 | 1.000.000,00 | 400.000,00 | 400.000,00 | 1.800.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 425 | 2.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 426 | 200.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 400.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 464 | 200.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 400.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 480 | 500.000,00 | 200.000,00 | 100.000,00 | 800.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 483 | 200.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 | 400.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 485 | 50.000,00 | 30.000,00 | 20.000,00 | 100.000,00 |
| 1 | 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 486 | 1.300.000,00 | 0 | 0 | 1.300.000,00 |

## Меѓународна соработка

Во моментов Инспекторатот не е директно вклучен во проекти и активности за хармонизација со законодавството на ЕУ, кои би требале да се реализираат во 2020 година.

Во текот на 2019, ДСЗИ учествуваше со свои преставници на објаснувачкиот скрининг Во Брисел за Поглавје 27 – Животна средина и климатска акција и Поглавје 1 – Слободно движење на стоки. Исто така, преку Министерството за здравство, Министерството за Економија и Секретаријатот за европски прашања, индиректно учествува во активностите на Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ (НПАА) 2019-2021. Овие активности се очекува да продолжат и во 2020 година.

## Други активности на инспекциската служба

Во 2020 година, ДСЗИ планира да продолжи да спроведува активности за зголемување на транспарентноста на институцијата. Што се однесува до соработката со медиумите, ДСЗИ е орган во состав на Министерството за здравство кое е надлежно за креирање на политиките ви здравството и со оглед на тоа комуникацијата со медиумите се води преку Службата за односи со јавноста на Министерството. Од нивна страна се организираат прес конференциите, а ДСЗИ секогаш кога има потреба учествува во нив.

На својата веб-страница, ДСЗИ ги објавува сите информации кои се од јавен карактер а кои има обврска да ги објавува и во рамките на техничките можности истите постојано се ажурираат. На веб-страната се поставени: стратешките планови, Функционалната анализа, годишните програми за работа, годишните буџети на ДСЗИ, извештаи за работата на ДСЗИ, законската легислатива според која постапува ДСЗИ, информации поврзани со планираните и спроведените јавни набавки на ДСЗИ, контактите на вработените и други информации поврзани со функционирањето на Инспекторатот, а кои ја зголемуваат транспарентноста во работењето.

Инспекторатот нема посебна ИКТ поддршка, истата се обезбедува од ресурсите во Министерството за здравство – Управа за електронско здравство и со ангажирање на надворешни лица. Во моментов Инспекторатот од ИКТ опрема располага со персонални компјутери и печатари, одреден број на лаптопи, службени имејл адреси за инспекторите и другите вработени, сопствена веб страна. Во изминатиот период се планираа посебни софтверски решенија или апликации поврзани со работата на Инспекторатот, но оваа иницијатива со новиот Инспекциски информатички систем се запре. Откако информацискиот систем ќе започне да функционаира, ќе се увиди дали Инспекторатот има потреба од дополнителни софтверски решенија за спецификите во своето работење.

Со примената на новиот Закон за инспекциски надзор, венесени се неколку новини во вршењето на редовните инспекциски надзори.
Сите инспекциски служби согласно Законот во изминатиот период подготвија листи на проверка кои заедно со писменото известување, се доставуваат до субјектот на надзорот. Субјектот на надзорот, доколку бара инспекторот, подготвува и доставува извештај за самопроверка за исполнување на барањата наведени во листата за проверка.
Исто така во Законот е новина тоа што инспекторот нема да постапи по анонимна иницијатива за инспекциски надзор, освен ако содржината на иницијативата не покренува прашање од јавен интерес утврден со закон или е неопходно отстранување на непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето или имотот од поголема вредност или животната средина.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат во текот на своето работење соработува со голем број на институции и органи во состав, започнувајќи со Секторот за нормативно – правни работи, Секторот за превентивна здравствена заштита, Секторот за примарна здравствена заштита, Секторот за болничка здравствена заштита и Секторот за хемикалии во рамките на Министерството за здравство, и долгата листа продолжува со Агенција за лекови и медицински средства (МАЛМЕД), Инспекциски совет, МИОА, АА, Секретаријат за законодавство при Влада на РСМ, Секретаријат за европски прашања, Министерство за правда, Министерство за финансии (Царинска управа), Министерство за економија (Државен пазарен инспекторат, Совет за заштита на правата на потрошувачите), Министерство за внатрешни работи, Министерство за транспорт и врски, Агенција за храна и ветеринарство, ЈЗУ ИЈЗ, ЈЗУ Центри за јавно здравје (Скопје, Тетово, Куманово, Струмица, Битола, Штип, Прилеп, Охрид, Велес и Кочани), Основните судови, Јавното Обвинителство, Народниот правобранител, Медицински факултет и Институти, ФЗОМ, Лекарската и Стоматолошка комора, Дирекцијата за радијациона сигурност, Министерство за животна средина и просторно планирање и други.